ОСНОВЕН СУД БИТОЛА

Су.бр.07-24/20-1

01.12.2020 година

БИТОЛА

СУДСКИОТ АДМИНИСТРАТОР НА ОСНОВНИОТ СУД БИТОЛА, Силвана Дејаноска, врз основа на член 36 од Законот за судска служба (Сл.весник на РМ бр.43/2014, 33/2015, 98/2015, 198/2018) по спроведената постапка по објавениот Јавен оглас бр.3/20, за вработување на судски службеници на неопределено време, за работно место судски референт- дактилограф – 3-три извршители, по доставениот Предлог на кандидати за вработување со утврдена Ранг-листа на Комисијата за вработување на судски службеници од 30.11.2020 година, на ден 01.12.2020 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**за избор за вработување**

За работното место судски референт- дактилограф – 3-три извршители, се избираат кандидатите:

1. **Михаела Гаштевски со шифра бр. судски референт-дактилогаф 04**
2. **Емијета Османовска со шифра бр. судски референт-дактилогаф 03**
3. **Марија Димовска со шифра бр. судски референт-дактилогаф 07**

Решение за вработување со избраните кандидати ќе се донесе по конечноста на оваа одлука

О б р а з л о ж е н и е

Од страна на Основниот суд Битола во дневните весници „ Вечер “ и ,, Коха “ од 26.10.2020 година, објавен е Јавен оглас бр.3/20 за вработување на судски службеници на неопределено време за работното судски референт- дактилограф – 3-три извршители.

По спроведената постапка за вработување од страна на Комисијата за избор на судски службеници, согласно Законот за судска служба и Правилникот за формата и содржината на јавниот оглас, формата, содржината . . . Сл.Весник на РМ бр.236/2018 од 24.12.2018 година, до Судскиот администратор на судот доставен е Предлог со утврдена Конечна Ранг-листа од 30.11.2020 година.

Со ранг листата за работното место судски референт-дактилограф, Комисијата за избор на судски службеници ги предложи кандидатите Михаела Гаштевски, Емијета Османовска и Марија Димовска со освоени најмногу бодови после спроведената постапка.

Судскиот администратор имајќи го во предвид Предлогот со утврдена Ранг-листа од 30.11.2020 година, доставен од Комисијата за избор на судски службеници, истиот го

прифати и одлучи за работното место судски референт- дактилограф да бидат избрани кандидатите Михаела Гаштевски од Битола, Емијета Османовска од Битола и Марија Димовска од Битола.

Примерок од Одлуката да се достави до избраните кандидати, останатите кандидати кои не се избрани и истата да се објави на интернет страната и на огласна табла на судот.

Поради горенаведеното следуваше да одлучи како во изреката на одлуката.

ОСНОВЕН СУД БИТОЛА
СУДСКИ АДМИНИСТРАТОР
Силвана Дејаноска

ПРАВНА ПОУКА: Против оваа Одлука кандидатот кој не е избран има право на жалба во рок од 8 дена од приемот на одлуката за избор преку овој суд до Советот на судска служба